РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1792/4
30-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата под бр. 12-1792/1 од 22.04.2026 година, со наводи за сомневање за влијание од службени лица во ----, во постапката за измена и дополнување на Законот за државна ревизија, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во пријавениот случај.

Предметот со бр. 12-1792/1 од 22.04.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 22.04.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконско искористување на службената положба и вршење влијание од службени лица во ----, во постапката за измена и дополнување на Законот за државна ревизија и оформен е предмет со бр. 12-1792/1 од 22.04.2026 година.

Во пријавата се наведува дека службените лица ---- и ----, користејќи ја својата функција, влијаеле да се внесат одредби во предлог Законот за државна ревизија со кои на Главниот државен ревизор ќе му биде продолжен мандатот од 8 на 9

година, додека на неговиот заменик ќе му се гарантира советничко место во Државниот завод за ревизија (ДЗР) по завршувањето на мандатот како заменик главен ревизор.

По разгледувањето на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека по однос на наводите во пријавата ДКСК нема елементи за надлежно постапување. Во моментот на поднесување на пријавата, во правна сила е Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015, 27/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 3/2025), со последна измена објавена во Службен весник на РСМ на 03.01.2025 година.
Дополнително, до ДКСК од страна предлагачот на Законот за државна ревизија – Влада на Република Северна Македонија, односно Министерството за финансии не е доставена работна верзија на посочениот предлог закон, на мислење на ДКСК.

Имајќи предвид дека од јавно достапните информации ДКСК не може да утврди дали се во подготовка предлог измени и дополнувања на посочениот закон, пријавата ќе ја достави на запознавање до Влада на Република Северна Македонија, односно Министерството за финансии како предлагач на законот, со укажување истиот да се достави на мислење до ДКСК со цел антикорупциска проверка на неговите одредби.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**